вна установа
Institucioni publik
ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ
QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË KARPOSH
Скопје, Република Северна Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Број/numër 08 - 110
Дата/data 21.02.2024

детски културен центар
КАРПОШ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА

# ЈУ. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ

# ЗА 2023 ГОДИНА

СКОПЈЕ,2024

**ВОВЕД**

Детски културен центар - Карпош е реномирана градска институција, со традиција повеќе од седум децении.
Детскиот културен центар - Карпош спроведува креативни, модерни и интерактивни програми, секции и работилници кои ги следат социјалните појави и трендови, во согласност со интересите на децата и младите. За време на своето постоење, Детскиот културен центар - Карпош зачувва сè што е добро и го надополнува со современи методи на работа, следејќи ги потребите и желбите на корисниците.
Насочен кон истражување и откривање на потенцијалот и талентите на децата и младите во сите области на културата, Детскиот културен центар - Карпош се стреми да комуницира директно со децата и младите преку своите активности и секции, насочувајќи ги кон стекнување потреба од уметничко искуство, знаење и забава.
Детски културен центар - Карпош користи едукација, вмрежување, децентрализација на активности како клучни инструменти, создава знаење и производи на уметничка активност, пренесува знаење од други средини во средината во која работи и е отворен за нови решенија и нови културни и уметнички области. Детски културен центар - Карпош е референтна институција во областа на меѓународната културна соработка во областа на детската уметност и култура и е организатор и реализатор на повеќе детски меѓународни манифестации за деца и млади во земјата.
Детски културен центар - Карпош ги насочува своите активности пред се кон основната целна група, децата и младите, како директни потенцијални корисници, потоа кон нивните родители и другите учесници во развојот на културните потреби, стручни соработници од областа на културата и образованието за деца и млади.

Директор:
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

## *ЛИЧНА КАРТА НА ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ*

Локација




Основни информации

Адреса: бул. Илинден број 53, 1000 Скопје

## *МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКИ РЕСУРСИ*

- Центарот се состои од два ката и сутерен  во вкупна површина на зградата од 540м2
- Дворот е со површина од околу 490 м2 и е хортикултурно уреден.

- **Вкупен број на простории во центарот: 11**

Канцеларии: 5

1. Сали за изведбени активности 2
2. Експериментална лабараторија 1
3. Просторија за музички активности 2
4. Просторија за ликовни активности 1

## МИСИЈА

Позиционирање во општеството на културни и воспитно - образовни активности за деца и млади, преку иновации и следење на современи трендови во културата и личниот развој кај децата и младите.

## ВИЗИЈА

Зајакнување на позицијата на врвот на пирамидалната структура во системот на институции кои се занимаваат со култура за деца и млади, што систематски ќе даде конкретен придонес кон развојот на креативноста и ќе постави стандарди во развојот на креативна, иновативна и холистичка личност кај деца и млади.

## МОТО

Квалитетното минато слободно време на децата е темел за нашата подобра иднина!..
БИДИ ДЕЛ ОД НАС!

## ПРИНЦИПИ

Во извршувањето на дејноста која е од јавен интерес, се почитуваат следниве принципи:

- ✓ сигурност во давањето на услугите,
- ✓ континуитет и квалитет на услугата,
- ✓ транспарентност, достапност и заштита на корисниците,

Минатата година се навршија 75 години од постоењето на ЈУ. Детски културен центар – Карпош. Досегашната девиза на Карпош беше и останува да се биде постојано присутен и актуелен центар на децата и младите во градот Скопје и пошироко. Нашиот магичен прозорец кон иднината е проширена дејност и надградба на досегашната работа и различни активности со сите атрибути на младоста која има еруптивен карактер. Детскиот културен центар - Карпош ги интегрира децата од предучилишна до 17 годишна возраст во активностите на Центарот, а преку него ги интегрира во општествениот живот на градот и државата, односно овозможува дидактички прилагодена интеграција на децата во културно-општествениот живот. Индивидуалниот развој на децата е насочен кон остварување долгорочна општествена стабилност и сигурност, преку креативни, педагошки, забавни и креативни активности.

Основата на Центарот ја сочинува масовното членство на децата во него и разновидните содржини кои тој ги нуди и обезбедува со постојана подготвеност за развој, следејќи ги потребите и интересите на децата. Со ова се наложува неопходноста од создавање препознатлива и трајна физиономија на Центарот на сите нивоа од општествениот живот со тежиште тој да прерасне во функционална заедница на децата и спрега помеѓу нив и етаблираното општество. Со тоа се овозможува едноставен и брз пристап на децата до сите интересни сфери за нив, но обратно, се отвара можност за активна партиципација на сите општествени структури во Центарот.

Од своја страна Центарот ги усвојува и ги развива современите едукативно-педагошки содржини и форми преку постојан контакт со исти или слични организации во земјата и надвор од неа и преку следењето на постоечките трендови во интересните области. Вака Центарот добива димензија на долгорочен културно - општествен едукатор за децата.

Центарот ги дефинира вредностите во општеството преку размена на искуства со организации од сличен карактер, НВО и економски субјекти и дидактички ги аплицира во својата секојдневна работа.

Поконкретните задачи се од типот на проширување на активностите на Центарот во насока на Европските стандарди со осмислено вреднување и изведување.

За активностите на Центарот во смисла на негово презентирање во градот, земјата и странство ќе се исползува секој настан на општинско, градско и државно ниво каде што има можност за негова афирмација и популаризација. Со сублимирање на сите квалитетни активности од училиштата во градот, Центарот има функција на призма преку која се врши своевиден пресек на степенот на културно-општествениот развој на децата во училиштата.

Исто така, од сериозно значење е постојаното систематско и професионално присуство на Детскиот културен центар - Карпош во сите медиуми како во вид на презентација на Центарот, така и со сопствени активности, а од уште поголемо значење за него е осмислувањето и спроведување стратегија за привлекување донатори, спонзори, волонтери и поддржувачи на Детскиот културен центар - Карпош.

Минатата година беше во знакот за избор на градот „Скопје за Европска престолнина на културата во 2028 година“ каде децата од Карпош со работилница за македонското наредно творештво допринесоа оваа титула да биде заслужена.

Севкупните активности на Детскиот културен центар-Карпош се изразуваат преку следните секции:

| СЕКЦИИ | РАБОТИЛНИЦИ |
|---|---|
| | |
| ФОЛКЛОРНА | ЕТНО КРЕАТИВНО КАТЧЕ |
| БАЛЕТСКА | ДЕТСКА ФИЛОЗОФИЈА |
| ЛИКОВНА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ НА КЛАСИЧНА ГИТАРА | |
| ИЗУЧУВАЊЕ ТАПАН, ГАЈДА... | |
| МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО | |
| ПИНГ - ПОНГ | |
| ХОРСКО ПЕЕЊЕ | |
| ШАХ | |
| ПРИРОДНИ НАУКИ | |
| ДРАМСКА СЕКЦИЈА | |
| СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА | |

Покрај редовно одржување на секциите, Детскиот културен центар – Карпош реализира и внатрешни и надворешни манифестации:

| ***ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ОРГАНИЗИРАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ - КАРПОШ*** | ***НАДВОРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ*** |
|---|---|
| | |
| Играм и пеам за мојата мајка | Меѓународен фестивал на класична гитара „Темоло“ |
| Го градам мојот град | ЗОО Азбука 5 |
| Предновогодишен концерт - ЈАВЕН ЧАС на сите секции од ДКЦ Карпош | Развиваме и градиме млади таленти (работилници) |
| Цртање на асфалт | Меѓународен детски фолклорен |

| | |
|---|---|
| | фестивал „Оро без граници“ |
| Ученичка квизотека | Инструментите на моите предци |
| Теренско истражување – Богојавление, краток документарен филм | Фестива за класичен балет и модерен танц |
| Ден на здравје - Крос трка | Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ |
| Настап на деца солисти од Карпош на настан на СОС Детско село за деца од ранливи категории по повод денот на пицата | Работилници за креативно менторство |
| 75 години јубилеј на ДКЦ Карпош | |
| Настап на солисти од хорот при ДКЦ Карпош по повод роденденот на бели лавчиња во ЗОО-Скопје | Распеани хорчиња |
| Бела ноќ<br>Квиз Бамбини<br>Турнир во Пинг - Понг и Шах | Меѓународни гостувања |
| Движи се за здравје | |
| Едукативна работилница за културно наследство-ООУ „Димитар Македонски“ - Општина Аеродром | |
| Етно креативна работилница со ученици од ООУ „11 Октомври“- Општина Центар | |
| Настап на хорот „Гласот на децата на Скопје“ во Тетово | |
| Одбележување на Светски ден на срцето | |
| Настап на играорната секција во хотел Хилтон на Форум на Град Скопје | |
| Мултикултурни работилници по повод Светскиот ден на учителот | |
| Работилници по детска филозофија | |
| Завршен Јавен час на членовите на музичката секција - отсек класична гитара | |
| Презентација на активности пред Европска комисија за „Скопје за Европска престолнина на културата 2028“. Презентација на активности на ДКЦ Карпош на прес конференција за доделување титула „Скопје Европска престолнина на културата 2028“ | |

Во понатамошниот текст поткрепено со текст и фотографии е претставена работата на ДКЦ - КАРПОШ за 2023 година.

## I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

1. Развиваме и градиме млади таленти ( работилници)

2. Работилници за креативно менторство

3. Распеани хорчиња „Гласот на децата на Скопје“- Промоција на ЦД издание

4. Меѓународен фестивал на класична гитара - Тремоло

5. Инструментите на моите предци

6. ЗОО Азбука - 5

7. Фестивал за класичен балет и модерен танц

8. Фестивал на детска креативност-ТРАМБОЛИНИ

9. Меѓународен детски фолклорен фестивал „Оро без граници“

10. Меѓународни гостувања - Гостување на фолклорната секција при ЈУ. Детски културен центар - Карпош во Јагодина, Р.Србија

## II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

1. Играм и пеам за мојата мајка

2. Го градам мојот град

3. Предновогодишен концерт - ЈАВЕН ЧАС на сите секции од ДКЦ Карпош

4. Цртање на асфалт

5. Ученичка квизотека

6. Теренско истражување –Богојавление, краток документарен филм

7. Ден на здравје - Крос трка

8. Настап на деца солисти од Карпош на настан на СОС Детско село за деца од ранливи категории по повод денот на пицата

9. 75 години јубилеј на ДКЦ Карпош

10. Настап на солисти од хорот при ДКЦ Карпош по повод роденденот на бели лавчиња во ЗОО-Скопје

11. Бела ноќ

12. Квиз Бамбини

13.Турнир во Пинг - Понг и Шах

14. Движи се за здравје

15. Едукативна работилница за културно наследство - ООУ Димитар Македонски - Општина Аеродром

16. Етно креативна работилница со ученици од ООУ „11 Октомври“-Општина Центар

17. Настап на хорот „Гласот на децата на Скопје“ во Тетово

18.Одбележување на Светски ден на срцето

19. Настап на играорната секција во хотел Хилтон на Форум на Град Скопје

20. Мултикултурни работилници по повод Светскиот ден на учителот

21 .Работилници по детска филозофија

22. Завршен Јавен час на членовите на музичката секција - отсек класична гитара

23. Презентација на активности пред Европска комисија за „Скопје за Европска престолнина на културата 2028“ и презентација на активности на ДКЦ Карпош на прес конференција за доделување титула „Скопје Европска престолнина на културата 2028“

## III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

СЕКЦИИ

1. Фолклорна секција
2. Балетска секција
3. Ликовна секција
4. Изучување на класична гитара
5. Изучување тапан, гајда
6. Мултимедијално творештво
7. Пинг-понг
8. Хорско пеење
9. Шах
10. Природни науки
11. Драмска секција
12. Сценски движења

РАБОТИЛНИЦИ

Етно креативно катче
Детска филозофија

# I. МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ ФИНАНСИРАНИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

## 1. Развиваме и градиме млади таленти

По петти пат оваа година со поддршка од Град Скопје успешно се реализираа работилниците „Развиваме и градиме млади таленти“. Работилниците беа на тема македонското народно творештво на кои учествуваа деца од основните училишта од Скопје. Со овој проект кој започна во март и заврши во април ДКЦ Карпош ги поттикнува децата уште од мала возраст да го откријат својот талент и љубовта кон етно уметноста односно да ја развиваат љубовта и традицијата за македонското народно творештво.
Работолниците беа насловени како:
„ Изработка на брош и стари, традиционални предмети и инструменти со етно мотиви“
„ Изработка на филигран од срма“

На 22 работилници кои се реализираа во ООУ „Љубен Лапе“- Општина Аеродром, ООУ„Песталоци“-Општина Центар, ООУ „Киро Глигоров“- Општина Центар и ООУ „Вера Јоциќ“-Општина Гази Баба , својот потенција, вештини и љубов кон уметноста го покажаа 192 деца на возраст од 6 до 11 години.

Децата преку работилниците имаа можност да се запознаат со македонското народно творештво и да изработат накит, филигран од срма (тамбура), стомна.... Една од најубавите и најинтересните изработки им беа шишињата кои ги изработија и украсија со разнобоен конец и волница, траки со етно мотиви, чипка од кои произлегоа прекрасни украси со синоним на македонското народно творештво. Со овие поучни работилници целта беше постигната бидејќи кај децата се поттикна истрајноста во реализирање на замисленото и преку овие поучни и интересни работилници тие станаа свесни за талентот што го поседуваат. Децата научија многу, научија кои инструменти, накит и украси се дел од македонското народно творештво и се насочија кон градење на својот талент и успешно ги промовираа и афирмираа нивните таленти. На крајот на овој проект децата изработија прекрасни украси и покажаа вештини кои не одушевија.

Сите ученици кои беа учесници на работилниците од македонско народно творештво добија сертификати за учество во работилниците.













## 2. Работилници за креативно менторство

Проектот ,,Креативно менторство" е наменет за деца и млади од 12 - 16 годишна возраст и има за цел да ја сублимира креативноста и креативните потенцијали на младите, како основа за понатамошен раст и развој на ученикот.

И оваа година ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош" во соработка со Град Скопје од 22 март до 31 мај 2023 година, по петти пат, низ низа работилници го реализираше проектот „Работилници за креативно менторство". Проектот се состои од размена на знаење и искуство на релација ментор-ученик и се состои од низа предавања и работилници на претходно утврдени теми.

„Работилници за креативно менторство" се реализираше со јавен повик за сите ученици од основните и средните училишта на територија на Град Скопје. Работилниците се одвиваа на отворено, во основните и во средните училишта во Скопје. Учениците-учесници на овој проект со експерти – ментори низ серија предавања и посета на културни објекти и проекти постигнаа повисоко ниво на креативност и инвентивност, а сето тоа се преточи во завршен производ од областа на креативните индустрии. Учениците имаа можност директно да се вклучат во работилниците и предавањата и преку нивна директна ангажираност во полето на културата да ја постигнат посакуваната цел.

Работилниците беа насловени: Изработка на класичен мозаик, Дизајнирање на слоган-лого и Е-промоција на туризмот во Скопје#VisitSkopje се одвиваа во ООУ „Киро Глигоров", ГУЦ „Здравко Цветковски" и гимназијата „Јосип Броз Тито". Учесниците на Е-промоција на туризмот во Скопје#VisitSkopje со едукаторот имаа можност да посетат неколку музеи и знаменитости на Скопје додека на другите две работилници учениците научија како се креира слоган-лого и направија одлични мозаици. На работилниците се пријавија и учествуваа 60 ученици, односно на 3 работилници по 20 деца на кои имаа можност да ја истакнат својата креативност согласно својот афинитет, односно понудена работилница. Учениците кои беа одбрани и работеа на проектите со помош на ментор имаа потреба да го надградат и развијат своето знаење, да научат нешто ново, да се пронајдат себе си за на крај да ја промовираат својата работа.

Со поддршка на едукаторите кои го дадоа својот максимум во изведба на овие креативни работилници мораме да истакнеме дека младите креативци беа пресреќни од трудот кој го вложија и со голем ентузијазам работеа на работилниците и на крајот со гордост ги претставија своите ремек дела.

На општо задоволство на сите нас, по петти пат интересот за ваков тип на креативни работилници и оваа година беше голем, со што можеме со сигурност да кажеме дека сме ја постигнале целта.




JETKO









## 3. Распеани хорчиња „Гласот на децата на Скопје“ – Промоција на ЦД издание

На летната сцена во ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ од 19.00 часот на 07.06.2023 година, со поддршка од Град Скопје, се организираше и реализираше промоцијата на новото 5-то ЦД издание со 10 нови, детски хорски песни.

Во детскиот хор „Гласот на децата на Скопје“ членуваат деца и млади кои поседуваат талент за соло и хорско пеење. Хорот кој е формиран пред пет години континуирано се зголемува со нови таленти преку организирање на аудиции.

Петотто ЦД со уште 10 нови песнички за најмладите беа изведени од хорот со кој веќе пет години работи Борислав Јоргушески, докажан музички педагог, а воедно и уметнички раководител на оваа манифестација.

Глетката беше прекрасна, публиката, особено децата кои го следеа настанот, уживаа во секоја изведена песна, пеејќи заедно со децата од хорот. Уште едно ЦД со уште 10 нови оригинални песни е уште еден доказ дека децата имаат интерес и ја сакаат хорската музика и овој хор е вистинско освежување на детската музичка сцена.








КАРПОШ
ГРАД СКОПЈЕ



## 4. Меѓународен фестивал на класична гитара „ТРЕМОЛО “

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош" со поддршка од Град Скопје од 8 до 10 ноември 2023 година успешно го организираше и реализираше тринаесетото издание на Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло", како дел од богатата културна понуда на Скопје – Европска престолнина на културата 2028.

Низ сите овие 13 години на овој прв и единствен фестивал во нашата држава изведени се голем број концерти од светски познати класични гитаристи и педагози, концерти на кои се изведени најпознатите ноти и дела кои се напишани за класичната гитара.

Фестивалот „Тремоло" од година во година се повеќе се развива во културен настан кои ги обединува љубителите на класичната гитара, студенти, професори, не само од Скопје и од државата туку и од целиот свет. Во текот на овие 13 години овој фестивал прерасна во престижен настан на кој учествуваат се́ поголем број светски познати уметници специјализирани за класична гитара. Со успешна реализација на Фестивалот „Тремоло" Детскиот Културен Центар „Карпош" дава голем стимул и поддршка за развој и промоција на овој вид на уметност во земјата.

Меѓународниот фестивал на класична гитара „Тремоло“ свечено започна на 8 ноември во 19.30 часот во Националната филхармонија и свечено беше отворен од директорката на ДКЦ „Карпош“ д-р Билјана Лалчевска Серафимовска и амбасадорот на Кралството Шпанија во Р.С. Македонија Хозе Луис Лозано Гарсија. Првата вечер на фестивалот беше посветена на светски познатиот танц фламеко и фестивалот продолжи со настап на Фламенко трио – Vientos del Erasma од Шпанија кој со музиката и танцот ја дигна публиката на нозе. Вториот концерт од овој фестивал се одржа на 9 ноември од 18:30 часот во Музејот на македонската борба за самостојност каде пред скопјани и дипломатскиот кор од амбасадата на Италија во Република Северна Македонија настапи светски познатиот италијански класичен гитарист Nino D´Amico.

На двата концерта покрај дипломатскиот кор од Шпанската амбасада во нашата држава имаше гости и од амбасадите од Италија, Хрватска, Јапонија, Шветска, амбасадата на Швајцарија и Кина.
Премногу емоции, одлична публика и фантастични изведувачи**.**

Покрај двете концертни вечери, во текот на овој фестивал, гостинот Nino D´Amico и нашиот музички педагог Георги Трајков одржаа мастер часови и работилници.

За ова издание на „Тремоло“ беше објавено во многу пишани медиуми и портали, а за почетоците, за овогодишното издание и за афирмацијата на Фестивалот на ТВ Сител говореше директорката на ДКЦ „Карпош“, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска.


Tremolo
2023




Tremolo
2023
International Guitar Festival
Concerts Workshops Masterclass




Ambasciata d'Italia
Skopje
Tremolo
2023
International Guitar Festival
Concerts Workshops Masterclass


Tremolo
2023

## 5. Инструментите на моите предци

ЈУ. Детскиот културен центар –„Карпош“ оваа година по петти јубилеен пат го организираше и реализираше Фестивалот и натпревар на народни и класични инструменти „Инструментите на моите предци“. Фестивалот кој се реализираше во два дела, ревијален и натпреварувачки се одржа од 11 до 13 април 2023 година под покровителство на Град Скопје.

На 11 април во Салон 19/19 од 18:30 часот ревијалниот дел го отвори директорката на ДКЦ Карпош д-р Билјана Лалчевска Серафимовска, а со настап на членовите на музичката секција - изучување на традиционални музички инструменти при ДКЦ Карпош под менторство на проф.д-р Тимко Чичаковски започна Фестивалот на изворни и класични инструменти „Инструментите на моите предци“.

Публиката имаше чест да ги слушне звуците на македонските традиционални музички инструменти хармоника, тамбура, кавал, кларинет, гајда, тапан. Нумерите кој ги слушаше скопската публика беа изведени од познати македонски виртуози. На фестивалот исто така настапија сите досегашни победници кои во изминатите четири години беа добитници на гран при наградата во натпреварувачкиот дел.

На ревијалната вечер покрај изворниот детски оркестар при ДКЦ Карпош, публиката имаше задоволство да ужива во настапот на учениците од ЕМЦ „Наши ноти“, ВИС Аманет, Ерденај Сали како и членови и ученици од сите музички училишта кои беа дел од натпреварувачкиот и ревијалниот дел.

На 12 април исто така во Салон 19/19 се одржа и натпреварувачкиот дел кој се состоеше од две посебни дисциплини

- Изворни инструменти и состави
- Класични инструменти и состави

На натпреварот беа пријавени 36 натпреварувачи кои беа поделени во пет категории, а учесниците беа на возраст од 5 до 20 години. На победниците во сите категории им се доделија дипломи, како и на сите учесници на натпреварот, додека гран при награда оваа година ја понесе Благоја Пачешкоски.

Преку овој фестивал и културно натпреварување на народни и класични инструменти, преку магијата на звукот на: кавалот, тамбурата, тапанот, кларинетот, гајдата и хармониката, децата-натпреварувачи, кои беа во голем број, ни покажаа дека сеуште има голема желба и љубов за изучување на нашите традиционални народни изворни инструменти.

Со овој фестивал и натпревар ДКЦ „Карпош“ придонесува да се продолжи традицијата од нашите предци и да се остави аманет за идните поколенија.








ИНСТРУМЕНТИТЕ НА МОИТЕ ПРЕДЦИ
THE INSTRUMENTS OF MY ANCESTORS







## 6. ЗОО Азбука 5

Во Зоолошката градина-Скопје на 10 јуни во 11:00 се промовираше петотто издание на музичко едукативно ЦД од мултимедијалниот проект насловен како „Зоо Азбука 5“.

Мултимедијалниот проект Зоо Азбука 5 содржи 5 нови песни и боенка и е реализиран од ЈУ.Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје.

На наше големо задоволство, но и на големо задоволство на децата, промоцијата се реализираше успешно, исто како и изминатите четири години и изданија на ЗОО Азбука 1, 2,  3 и 4. Во ова петто издание се испеаа пет нови песнички за животните кои се жители на Зоолошката градина. Публиката уживаше во песните: Коњ и свиња во Њујорк, џиновска панда, игуана, хиена и ѕверчиња кои беа испеани од пет талентирани деца-солисти, а како придружба учествуваше хорот на ДКЦ „Карпош“, „Гласот на децата на Скопје“. Децата посетители кои се најдоа во тој момент во Зоолошката градина покрај тоа што уживаа во новите 5 песни исто така се радуваа и на прекрасната боенка која ја добија на настанот.  Како вовед пред секоја песна со интересна приказна за животните, за тоа како ги чуваат, што јадат, во какви услови живеат и од кој континент се пристигнати, им раскажа познатиот ZooKeeper  Bojo Иванов.






МУЛТИМЕДИЈАЛНА
БОЕНКА И ПЕСНАРКА




МУЛТИМЕДИЈАЛНА
БОЕНКА И ПЕСНАРКА

## 7. Фестивал за класичен балет и модерен танц

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ со поддршка на Град Скопје и оваа година го реализираше Фестивалот за класичен балет и модерен танц кој е единствен во нашата држава. Љубителите на балетската уметност и модерниот танц на 12 и 13 јуни, во Националната опера и балет, можеа да уживаат во реализацијата на третото издание на овој фестивал кој во две вечери со прекрасни танци и перфоманси ја крена публиката на нозе.

Овој фестивал е особено значаен за ДКЦ Карпош каде за прв пат во далечната 1946 година благодарение на Анализе Асман се формирала првата балетска група во тогашниот Пионерски дом Карпош. Првата балетска генерација е излезена токму од Карпош каде се направени првите балетски чекори од доајенките на балетот првата прима балерина Натка Пенушлиска Митревска, Емилија Џипунова, Олга Милосавлева, Елпида Паковска, Вера Бранѓолица, Смилка Силјановска и Елица Поповска и со нив е започната историјата на балетот во нашата држава.

На две фестивалски вечери, публиката имаше можност да проследи прекрасни изведби на класичен балет и модерни танци. Во Националната опера и балет на 12 јуни фестивалот го отвори директорката на ДКЦ Карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска, а со перформанс изведен од малите балерини од балетската секција на ДКЦ Карпош фестивалот беше и званично започнат. Фестивалот продолжи со настап на балерините од ДМБУЦ „Илија Николовски Луј“ и балетското студио „Балерина“ на уметничкиот директор на фестивалот Маја Каревска. Оваа година публиката за прв пат имаше можност да ги проследи изведбите на гости од Конзерваториумот за музика и балет од Љубљана/Словенија и балетското студио Angels од Приштина/Косово. Со соло изведби се претставија членови од танцовите студија „Анабела“ од Велес, „Магија“ од Пробиштип и „Денс студио Мак“ од Куманово, како и Јована Зајкова – слободен уметник и балерината Оља Тодоровска. Оваа година исто така беше доделена статуетка и признание за животно дело на Татјана Петковска. Статуетка и признание за развој на балетската уметност добија и Марко Мицов како млад уметник кој својата кариера ја продолжува надвор од границите на нашата држава и ДМБУЦ “Илија Николовски-Луј” State Music and Ballet Education Centar Skopje за безрезервната поддршка која ја даваат на фестивалот.






др. Офболи








ТИВАЛ НА

## 8.Фестивал на детска креативност –ТРАМБОЛИНИ

Со поддршка од Град Скопје од 7 до 17 јуни 2023 година, ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ го организираше и реализираше фестивалот на детската креативност „Трамболини“.

Трамболини со сите разнолики работилници кои беа на програмата по четврти пат се преточи во неисцрпен извор на креативност кој преку едукативните и креативни работилници 10 дена ја развиваше креативноста, креативните вештини, фантазијата и љубопитноста кај децата.

Низ фестивалот минаа 150 деца на возраст од 7 до 17 години, кои преку електронски пријави и информации од социјалните мрежи се пријавуваа за учество во работилниците.

Со овој фестивал уште еднаш ги поттикнавме децата да ги изразат своите квалитети од обласа на театарот, ликовната уметност, личен развој, природни науки, филмски проекции, изложби... Децата на овој единствен фестивал успеаа да совладаат нови техники на креативно изразување на забавен и креативен начин. Во склоп на фестивалот се одвиваше, ликовни работилници, Г-дин Бушавко, мали Алхемичари, Личен развој, Вредни ботаничари, Креативни торбички, Мјузиклот „Малата сирена“ , Мали археолози, Кино дворче, Временски патници, Изработка на моден детал од глина.

Како што напоменавме, работилниците беа од различни области кои се реализираа на теми каде можеше децата културно да се воздигнат, но и работилници каде децата ги развија своите умствени вештини.

- Вредните ботаничари направија сопствен аранжман и научија нешто повеќе за пресадувањето и за растенијата.
- На работилницата Мојата креативна торбичка децата ја покажаа својата креативност на дело. Создадоа креативни торбички, кои беа украсени од децата и на крајот како спомен си ги понесоа со себе.
- Ликовната работилница беше вистинско изненадување за сите. Децата уживаа во сликањето и создадоа прекрасни ликовни дела кои на крајот беа изложени на изложба.
- По втор пат на Трамболини се реализираше работилница на турски јазик, насловена како Господин Бушавко.
- Посебно уживање беше да се гледа мјузиклот Малата сирена, препеан на македонски јазик, кој се одржа во кино Фросина-МКЦ, со членовите од „Мјузикли за деца и младинци - Broadway JR“.
- Децата и оваа година во Музејот на Современа Уметност-Скопје повторно патуваа низ времето со Бојана Јанева и нејзините несекојдневни „Временски патници“ запознавјќи се со современата уметност.
- Во експерименталната лабораторија во „Градот на Балтазар“, во вистинската лабараторија во ДКЦ Карпош, младите алхемичари и оваа година направија необични и интересни експерименти, а малите археолози уживаа во возбудливи работилници и научија нешто ново за археолошката локација Тумба Маџари.
- На работилницата Личен развој младите научија повеќе за изразување на своите емоции.

- На ова издание на Трамболини, децата можеа да уживаат во македонскиот игран филм „Стела“ кој беше во рамките на Кино дворче.
- Со работилницата Си креиравме модни додатоци од глина како моден детал, кој ќе ја надополни нашата гардероба и ќе остане спомен од оваа прекрасна рабитилница, децата изработија прекрасни брошеви, привезоци и други модни детали.

Како наши соработници на фестивалот се јавија и МКЦ-Кино Фросина, Музеј на современа уметност, Археолошкиот музеј – Скопје, Локалитет Тумба Маџари, ПМФ-Ботаничка градина кои ги отворија вратите за учесниците на манифестацијата, како и Кинотека на Република Северна Македонија.















## 9.Меѓународен детски фолклорен фестивал „ Оро без граници“

Како дел од богатата културна понуда во градот во рамките на кандидатурата за Скопје - Европска престолнина на културата 2028, годинава по 32-ри пат се реализираше Меѓународниот детски фолклорен фестивал „Оро без граници“.

ЈУ. Детскиот културен центар - „Карпош “ како организатор и домаќин на осум ансамбли, под покровителство на Град Скопје, од 15 до 17 септември 2023 година го организираше „Оро без граници“, фестивал кој претставува симбол на пријателството меѓу децата.

На 16 септември фестивалот започна од портите на ДКЦ Карпош со дефиле на учесниците на фестивалот. Дефилето со тапани и песна се движеше до Градски парк, каде што се формираше најголемото оро, оро кое не познава граници. Во 19:00 часот во Градски парк на Школка се одржа Централниот настан кој званично беше отворен од директорката на ДКЦ „Карпош“, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска,

На наше огромно задоволство публиката беше многубројна. Љубители на орото и песната кои беа присутни на централниот настан уживаа во играта на децата, кои преку шаренолкоста на костимите и оригиналноста во кореографските движења ја претставија традицијата и културата на нашата држава..

Гостите во текот на фестивалот имаа можност да ги посетат културните знаменитости и сите убавини на Скопје: Зоолошката градина, музеите, театри, Турската чаршија.

ДКЦ Карпош со фолклорната секција ќе продолжи да го негува овој фестивал на народните песни и ора, со цел за зачувување на изворниот мелос. Фестивалот ја покажува убавината и значењето на фолклорот, на орото и ги инспирира младите да ја продолжуваат традицијата долга 32 години.







МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ
INTERNATIONAL CHILDREN FOLK FESTIVAL
DANCE WITHOUT BORDERS


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ


МЕЃУНАРОДЕН ФОЛКЛОРЕН
ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
ОРО БЕЗ ГРАНИЦИ

## 10. Меѓународни гостувања – Гостување на фолклорната секција при ДКЦ Карпош во Јагодина, Р.Србија

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ со поддршка од Град Скопје од 15 до 17 декември со фолклорната секција при центарот беа гости на фолклорен фестивал кој го организираше КУД „Каблови“- Јагодина, Р. Србија.

Детскиот ансамбл „Карпош“ со својот настап одлично и со гордост, преку традиционални игри и ора го прикажаа македонскиот фолклор како единствен и еден од најдобрите во светот. Затоа велиме дека фолклорот е еден од нашите најголеми културни богатства и амбасадори на секоја држава кој треба постојано да се негува.









# II. ВНАТРЕШНИ МАНИФЕСТАЦИИ, ПРОЕКТИ И ИЗЛОЖБИ НА ДКЦ - КАРПОШ

## 1.Играм и пеам за мојата мајка

Во ЈУ. Детски културен центар-„Карпош“ беше отворена изложба на цртежи и честитки со тема - Цртам за мојата мајка кои беа изработени од деца од детските градинки од Градот Скопје.

Изложбата се одржува по повод 8 Март-Денот на жената и е дел од музичко креативниот настан „Играм и пеам за мојата мајка“.

На наша покана од сите градинки пристигнаа ликовни творби кои ги изработија децата и од нив може да се види колку далеку одат детските чуства, креативност и фантазија и како тие си ја замислуваат својата мајка-жената и која е нејзината улога во нивниот живот.

Покрај изложбата за децата од градинките беше организирана пригодна програма на која говореше дипломиран полициски службеник, Катерина Стојкова-Главен инспектор за превенција во СВР Скопје, која на децата им раскажа за нејзината работа како полицаец односно им посочи на децата дека секоја жена може да биде успешна во секоја професија за која ќе се определи.

Изложбата беше биде отворена во просториите на ДКЦ „Карпош“ на 08.03.2023 година со почеток во 10:00 часот.









## 3. Го градам мојот град

Манифестацијата „Го градам мојот град“ се одржа во знакот од богатата културна понуда на Град Скопје како Европска престолнина на културата 2028. ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош“ и оваа година традиционално ја организираше манифестацијата „Го градам мојот град“ на која учесници беа децата од предучилишните установи. Оваа манифестација се одржува на 13 Ноември и е во чест на Градот Скопје.

„Го градам мојот град“ има за цел да ги истакне детските творечки способности, детската креативност, а воедно и поопширно да ги запознае децата колку големо значење има празникот 13 Ноември за градот Скопје и затоа на овој проект се прават макети на значајни згради и обележја на Град Скопје.

Секоја градинка учествуваше со по 5 деца, а макетите кои ги изработија беа по слободен избор на градинките. Децата за макетите користеа:коцки, цртежи, природни материјали, како лисја, дрвца, камчиња, односно се што нуди природата. Манифестацијата се одржа во просториите на Детскиот културен центар „Карпош“ на 13 ноември со почеток од 10,00 часот.













## 3.Предновогодишен концерт – ЈАВЕН ЧАС на сите секции од ДКЦ Карпош

Завршувањето на 2023 година во кино Фросина –МКЦ беше исполнето со многу уметност на едно место. Децата - членови на секциите на ДКЦ - Карпош приредија вистинска радост за нивните родители и за многубројната публика.

На предновогодишниот Јавен час имаше разновидни настапи и изведби од скоро секоја културна уметност: хор во живо, избедба на драмски текст од нашата драмска секција, сценски движења, балет, фолклор, класична гитара, кларинет, ликовна изложба.

На 21.12.2023 година со почеток во 19:30 часот започна вистинско уживање за родителите на децата членови на Карпош и за целата публика. Публиката уживаше во пируетите на малите балерини, игрите и ората изиграни од малите играорци, во прекрасните цртежи изложени на изложба во фоајето, во свирењето на малите класичари-гитаристи, уживаа во звукот на кларинетот, во драмската претстава и за крај во песните испеани од децата од хорот при ДКЦ Карпош, „Гласот на децата на Скопје. Прекрасна вечер, прекрасна изведба, прекрасна публика на која децата од Карпош покажаа што се научиле на часовите кои ги посетуваа во текот на годината.















## 4. Цртање на асфалт

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ и оваа година традиционално ја организираше манифестацијата „Цртање на асфалт“, во која учествуваат најмалите, односно децата од сите градинки од Скопје и околината. Оваа манифестација е посветена на денот на македонските просветители Св.Кирил и Методиј, кои се едни од најзначајните личности во македонската историја.

Децата на оваа манифестација со креди во боја ја изразуваат својата креативност со цртање на асфалт, а цртежите се секогаш по сопствен избор. Покрај цртањето се организира и пригодна програма, запознавање на децата кое е значењето и зошто се одбележува овој голем ден како празник.
Манифестацијата се одржа на ПЛОЧНИК на 23.05.2023 година со почеток во 10.30 часот.











## 5. Ученичка квизотека

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ повеќе од 30 години ја организира и реализира Ученичката квизотека за учениците од основните училишта од Скопје и околината. Ученичката квизотека својот циклус го започнува кон крајот на месец октомври, а завршува со супер финален натпревар кон крајот на април или почетокот на мај.

На еден натпревар присуствуваат вообичаено 4 училишта, понекогаш и пет. Екипите се составени од 3 натпреварувачи и се наставник кој ја води екипата.

Квизотеката се состои од 4 рубрики. Првата рубрика се вика Да или Не. Во воведниот дел на квизотеката кога ги претставуваме натпреварувачите напоменуваме дека првата рубрика содржи општи прашања, духовити, неформални, а со тоа сакаме да ги опуштиме, бидејќи Ученичката квизотека е замислена како форма во која учениците и наставниците од разни делови на Скопје ќе се запознаваат, дружат...

Втората рубрика е натпревар во Пикадо.

Третата –специјална рубрика опфаќа прашања од областа на културата, спортот, географија и историја.

Четвртата и воедно последна рубрика е рубриката со влог. И тука прашањата се воглавно поврзани со тоа што децата го учат во училиштата и од општ карактер, филм, музика спорт, актуелности итн. Минатата 2023 година победник на Ученичка квизотека 2022/2023 беше ООУ „Ј.Х.Песталоци“.










# 6.Теренско истражување – Богојавление, краток документарен филм

Краток документарен филм врз база на теренски истражувања со етнолошки и етнокореолошки елементи е новиот проект на ДКЦ „Карпош“, кој се релизираше од февруари до декември 2023 година. Низ неколку кратки документарни филмови снимени во нашата држава, децата, младите и пошироката јавност се запознаа и се едуцираа како да ја вреднуваат македонска традиција и култура. Кратките филмови се изработени од стручни лица , вработени во ДКЦ „Карпош“,Јулијана Јакофоска Георгиевска – Етнолог и Марко Младеновски – Етнокореолог и  Татијана Милановиќ - соработник за сценска музичко дејност.

Увидувајќи дека на терен многу од работите не можат да се регистрираат во потполност преку фотографии или преку вербалениот приказ ДКЦ Карпош започна да создава етнографски и етнокореолошки документарни филмови, каде предмет на опсервација се традициски култури во разни сегменти од животот од минатото. Како такви етнографските и етнокореолошките документарни филмови всушност се резултат на исцрпност и долготрајно бележење во дадена средина на вистински постоечки или пак сега реконструирани , но предходно постоечки форми на човечка пракса, а со цел најмладата популација да се запознае со културното наследство, традиција и култура.

„Водици во село Тамјиште“ беше првиот филм што се изработи од вработените од центарот. Во овој документарен филм се раскажува прекрасна приказна за тоа како се прославувал празникот Водици во минатото и како се прославува во денешно време. Од филмот можеме да заклучиме дека традицијата на прославување на Водици воопшто не е изменета. Населението во с.Тајмиште од колено на колено, со генерации успеало да ја задржи македонската традиција и култура на овој празник.

https://www.youtube.com/watch?v=3PrODwmyNVA&t=12s











## 7. Ден на здравјето-Крос трка

ЈУ. Детскиот културен центар ,,Карпош'' минатата 2023 година по втор пат на 7 април ја организираше и реализираше крос трката по повод Меѓународниот ден на здравјето.

На оваа спортска манифестација учествуваа дечиња од предшколските установи-градинките од градот и околината. Трката се одржа на тартан патеката во Градскиот парк со почеток во 11:00 часот и се трчаше на 250 м. во мешана категорија, момчиња, девојчиња. Покрај трката се одржа и штафетно трчање 200 метри 4х50 метри.

На оваа спортска манифестација пријавени беа 18 градинки со вкупна бројка од 180 учесници (90 момчиња и 90 девојчиња).

Целта на оваа манифестација е да го одбележиме меѓународниот ден на здравјето и да испратиме порака - Спортувањето и здравиот начин на живеење ќе допринесат за долг и здрав живот.









## 8. Настап на деца солисти од Карпош на настан на СОС Детско село за деца од ранливи категории по повод денот на пицата

На 31.03.2023 година во ЗОО на настанот „Денот на пицата“ организиран од СОС Детско село-Скопје и Советот на родители на деца и лица со церебрална парализа „Златни ангели“, децата се дружеа со песните од нашата ЗОО Азбука која е поддржана од Град Скопје.








## 9. 75 години јубилеј на Детски културен центар „Карпош“

ЈУ. Детски културен центар – Карпош минатата 2023 година прослави 75 годишно постоење. Карпош е малата скопска палата на булеварот Илинден, каде од 1948 година , па се до средината на минатиот век е Пионерски Дом, а денес Детски културен центар – Карпош кој е реномирана градска институција. Здание полно со збиднувања, полно со доживувања, полно со детски желби, мечти, сонувања, здание полно со историја и позитивна енергија. Карпошовци до ден денес го исполнуваат аманетот на последниот потомок на семејството Драга, Али Драга кој вели: „ Да се чува куќата со љубов, дружба и слога, вредно да се работи и нови вредности во неа да се создаваат“ . И тоа трае до ден денес. Се создава, се твори и ќе се твори.

75 години Детски културен центар –Карпош, односно јубилејот се одржа на 06.06.2023 во кино Фросина - МКЦ со почеток 19.00 часот.

Директорката на Детскиот културен центар – Карпош, д-р Билјана Лалчевска Серафимовска ја започна прославата со зборовите „Карпош, 75 години расадник на таленти, 75 генерации деца, а денес имаме примери на неколку генерации. Многу карпошовци денес се познати актери, музичари, уметници…. Ретко кој од карпошовците не ја постигнал својата цел, не го остварил својот животен сон. Овој јубилеј го посветуваме на оние кои вредно работеле и дале свој голем придонес во развојот на ДКЦ – Карпош, некогашните вработени, денес пензионери, а и на сегашните вработени кои ги исполнуваат ветувањата и оставениот аманет“.

Прославата започна со доделување на благодарници и статуетки на некогашните работници, денес пензионери, на сегашните соработници на Карпош и на Градоначалничката на Град Скопе, г-ѓа Данела Арсовска и Град Скопје како поддржувачи на голем број манифестации и фестивали кои ги организира ДКЦ Карпош.

Програмата за прославата која ја спреми ДКЦ Карпош започна со одлични и разновидни перформанси. Многубројната публика можеше да ужива во македонските игри и ора, во настапот на малите балерини, во ликовните творби кои беа изложени во фоајето на МКЦ, во настапите на малите гитаристи, во звукот на кавалот и гајдата и за крај во настапот на детскиот хор при ДКЦ-Карпош, „Гласот на децата на Скопје. Сите настапи беа изведени од децата-членови на секциите при Центарот.

По повод 75 години од постоење се распиша и награден ликовен конкурс на тема „ ДКЦ – Карпош, урбана приказна на мојот град“ на кој право на учество имаа сите деца од основните училишта на Град Скопје. На конкурсот пристигнаа прекрасни творби кои на јубилејот беа изложени во ДКЦ-Карпош.








75
години
Детски културен центар
КАРПОШ


75
години
Детски културен центар
КАРПОШ


75
години
КАРПОШ





## 10. Настап на солисти од хорот при ДКЦ Карпош по повод роденденот на бели лавчиња во ЗОО-Скопје

На 7 март 2023 година во ЗОО-Скопје се прослави првиот роденден на малите бели лавчиња, Луна, Ана и Хана. Со песната Лав која е напишана и снимена во 2020 година за проектот ЗОО Азбука, Лара и Јован, кои се дел од хорот на Карпош ја изведоа песната пред децата кои присуствуваа на овој настан и со оваа песна роденденот беше свечено прославен.

**https://www.facebook.com/dkckarposh/videos/593604962648601**








## 11. Бела ноќ

На 30 октомври во рамките на манифестацијата „Бела ноќ“ која е во организација на ЈУ.Универзална сала, ДКЦ Карпош учествуваше со изложба на изработени ликовни творби од децата од ликовната секција при Центарот. Изложбата насловена како „ДКЦ Карпош вечна инспирација“ беше отворена на 30.10.2023 година во 11:00 часот.









## 12. Квиз Бамбини

Минатата година ДКЦ Карпош за прв пат ја започна активноста квиз „Бамбини“, активност која е наменета за децата од градинките во Скопје. Квизот се одржуваше во неколку скопски градинки и може да се каже дека како новина за најмалите беше одлично прифатен. Квизот „Бамбини се одржа во градинките: ЈУДГ „Кочо Рацин“-објект Бели мугри, ЈУДГ ОЦ „13 Ноември“ – клон Кукушка, ЈУДГ ОЦ „13 Ноември“ - клон Парк, ЈУДГ „Кочо Рацин“ – Капиштец, ЈУДГ ОЦ „Р.Ј.Корчагин“-објект Пинокио и Пепелашка-Општина Центар.

Оваа активност ДКЦ Карпош започна да ја реализира бидејќи предучилишниот период на детето е сетилен развој со кој се обидува да го запознае и разбере светот околу себе.

Во текот на предучилишниот развој децата, преку игра и интеракција учат. Интерактивните игри како квизот „Бамбини“ му дава можност на детето да ги научи и практикува основните социјални, емоционални вештини за решавање проблеми што ќе ги користи во текот на неговото школување и воопшто во неговиот животен развој, а сите деца учат на свој уникатен начин, посебно од интерактивни средби сеопфатно се извлекува најдоброто од детето.









## 13. Турнир во пинг-понг и шах

На 26.05.2023 година во ДКЦ- Крпош се одржа турнир во пинг - понг и шах. Турнирот е од рекреативен карактер каде сите се победници и се одржа помеѓу учениците од ООУ „Александар Македонски"- Општина Аеродром и ООУ „Димитар Македонски"-Општина Аеродром. Турнирот се играше во поединачни игри и мешовити парови. Од турнирот децата си заминаа со позитивни импресии. Одличен и фер турнир каде што сите излегоа победници.









## 14. Движи се за здравје

.

ЈУ. Детскиот културен центар „Карпош“ ја организираше традиционалната манифестација „Движи се за здравје“ која се одржува во рамките на Европската недела на движењето која се одвиваше од 16.09. до 22.09.2023 година.

„Движи се за здравје“ се реализираше на 21.09.2023 година во Градскиот парк–фонтана „Лотосов цвет“ со почеток во 10:00 часот, на која учествуваа децата од предучилишните установи. Децата имаа можност преку вежбањето и вештото поминување на поставените полигони, возењето велосипед, тротинет и другите спортски активности да го развијат спортскиот дух и да научат секојдневно да практикуваат спортски активности.

Целта на овие активности е да ги поттикне децата уште од најмала возраст правилно да растат и да се развиваат и да ги подобруваат моторичките способности, но и да стекнат здрави навики за редовно спортување.









## 15. Едукативна работилница за културно наследство – ООУ „Димитар Македонски“-Општина Аеродром

На 09 март во посета на ДКЦ-Карпош беа учениците од трето одделение од ООУ „Димитар Македонски“-Општина Аеродром. Покрај учениците од ООУ „Димитар Македонски“ по програмата на Еразмус имаше деца и од Португалија, Шпанија и Словачка.

На оваа средба на децата им презентиравме народни изворни музички инструменти, народни носии, слушаа народна музика и за крај имаа работилница за изработка на накит со етно мотиви. Посетата во ДКЦ Карпош им беше дел од програмата за култура која ја одработуваат во текот на годината. Учениците од шесто одделение имаа можност да научат за архитектурата и значењето на зградата како културно наследство. Исто така имаа презентација од етнолошки и етнокореолошки аспект, но се запознаа и со моменталната дејност на Центарот.









## 16. Етно креативна работилница со ученици од ООУ „11 Октомври“-Општина Центар

На 29 март ДКЦ-Карпош беше домаќин на учениците од IV одделение од ООУ „11Октомври“-Општина Центар. На оваа средба имавме чест да им одржиме презентација од етнолошки и етнокореолошки аспект и да им го збогатиме знаењето за културното наследство. Посетата им беше дел од програмата за култура која ја одработуваат во текот на годината. Учениците од IV одделение имаа можност да научат за архитектурата и значењето на зградата како културно наследство, но се запознаа и со моменталната дејност на Центарот.









## 17. Настап на хорот „Гласот на децата на Скопје“ во Тетово

На 25 јуни детскиот хор на ДКЦ Карпош, „Гласот на децата на Скопје заедно со хорот „Лале“ со заедничка изведба настапија на одбележувањето на 50 години од постоењето на ТЕХО во Тетово.






## 18. Одбележување на Светскиот ден на срцето

На 29 септември на летната сцена na Ј.У. Детски културен центар – Карпош, Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија и децата од градинката 13 „Ноември-објект“, објект Парк - Општина Центар, преку цртање, пеење, спортски активности и изложба од ликовната секција на ДКЦ-Карпош го одбележаа Светскиот ден на срцето.












## 19.Настап на играорната секција во хотел Хилтон на Форум на Град Скопје

ЈУ. Детски културен центар „Карпош“ со музичката и играорната секција настапи со традиционални македонски песни, игри и ора на Global Parlament of Mayors Annual Summit Skopje 2023.










## 20. Мултикултурни работилници по повод Светскиот ден на учителот

ЈУ. Детски културен центар - Карпош на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски-Скопје на 05.10.2023 година со ученици од прво до петто одделение од основните училишта во градот Скопје, одржа мултикултурни работилници по повод Светскиот ден на учителот. Работилниците се одвиваа на наставните јазици на кои тековно се одвива наставата на факултетот, македонски, албански и турски јазик. Работилниците беа од областа на природните науки, креативно пишување, музичко драмската работилница и работилницата по детска филозофија. На работилниците кои ги организираше ДКЦ Карпош работеа стручни едукатори кои се вработени во ДКЦ Карпош, надворешни соработници - наставници кои се компетентни за областите кои се одработуваа, но и со дипломирани студенти од Педагошкиот факултет, сегашни наставници.

Мултикултурните работилници ги опфатија речиси сите наставни подрачја, а учесниците (на сите три јазици) имаа можност креативно да пишуваат на тема: „Невидлива димензија“, практично да експериментираат, да цртаат и сликаат, а проследија и интересна музичко драмска изведба. Истовремено ги предизвикавме да решат и некоја задача, а животните вредности им ги доближивме преку работилницата насловена како „Детска филозофија“.

Во улога на помагатели, во активностите беа вклучени и актуелни студенти од групата за Одделенска настава на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје. Заедно со искусните едукатори тие имаа одлична можност, преку организирање на активности во слободното време на учениците, да ја почувствуваат магијата на најблагородната проофесија - учител.

Преку мултикултурните работилници и заедничката соработка на двете институции уште еднаш се покажува важноста на учителската професија, истакна деканката на Педагошкиот факултет проф. д - р Билјана Камчевска, додека вклучувањето во сферата на културата и уметноста на децата од најмала возраст им ја буди креативноста во понатамошниот образовен процес подвлече директорката на ДКЦ-Карпош д-р Билјана Лалчевска Серафимовска.














Весела математика
34-12=?
22+15=?
22+10=
38+12=
47+18=
54+21=
63+19=
72+20=
81+9=
90+5=

## 21. Работилница по детска филозофија

На четири промотивни работилници насловени како ,,Детска филозофија", м-р Бојан Тодоровски кој е вработен во ДКЦ –Карпош и ја води секцијата „Детска филозофија, со содржини и активности кои опфаќаат теми од нашето секојдневие, ги поттикна децата на логичко размислување, морални вредности, природна љубопитност и имагинативност.

На сите 4 работилници кои се одржаа во ДКЦ Карпош учествуваа учениците од 3-4 одделение од ООУ „Ј.Х.Песталоци“-Општина Центар.

Преку оваа работилница децата научија да бидат критични и рефлексивни, научија да поставуваат прашања, да истражуваат, да формулираат хипотези и да носат заклучоци.










## 22. Завршен Јавен час на членовите на музичката секција - отсек класична гитара

На 22.12.2023 година на сцената во ДКЦ Карпош блеснаа нашите млади виртуози, членови на музичката секција по класична гитара под менторство на нашиот музички педагог Георги Трајков. Специјални гости кои исто така имаа свој настап на класична гитара беа, амбасадорот на Јапонска амбасада во нашата држава, студентите од ФМУ – отсек класична гитара во класата на м-р Дарко Багески и младиот и талентиран гитарист Давид Костов.













## 23. Презентација на активности пред Европска комисија за „Скопје за Европска престолнина на културата 2028“ и презентација на активности на ДКЦ Карпош на прес конференција за доделување титула „Скопје Европска престолнина на културата 2028“

На 14.10.2023 година во Градски Парк - Школка се одржа презентација на активностите на ЈУ. Детски Културен Центар - Карпош пред Европската комисија за кандидатурата на Град Скопје за европска престолнина на културата 2028 година.

Само еден месец подоцна градот ја доби титулата „Скопје – Европска престолнина на културата 2028“.

За таа пригода во Градски парк на сцената „Школка“ се одржа прес конференција на која говореа Министерката за култура Бисера Костадиновска-Стојчевска, заедно со градоначалничката на Град Скопје, Данела Арсовска и амбасадорот на Европската Унија во Република Северна Македонија, Дејвид Гир каде ги објаснија сите натамошни случувања и процедури поврзани со „Скопје – Европска престолнина на културата во 2028 година“.

Во рамки на настанот децата од ДКЦ Карпош на работилницата за македонско народно творештво изработија мозаици со етно елементи и прекрасни цртежи со главните културни обележја на Скопје.











# III. СЕКЦИИ И РАБОТИЛНИЦИ ВО ДКЦ КАРПОШ

Детскиот културен центар - „Карпош“ како културно образовна институција со долгогодишна традиција го организира и осмислува слободното време на децата во воспитно образовна и творечка работа, како во духот на македонската традиција така и во следење на новите светски достигнувања во Установите од овој тип.

Членувањето во секциите и работилниците придонесуваат за развивање и негување на таленти во различни области како и градење самодоверба кај децата.

***Секции и работилници кои се одржуваат во ДКЦ Карпош:***

- ✓ Играорна секција

  Генералната програмска определеност е негување на изворното и стилизирано македонско народно оро и песна. Од самото формирање, па се до денес, детскиот фолклорен ансамбл на „Карпош“ е вистински амбасадор на својата држава, а пред се на својата култура.





- ✓ Балетска секција

  Во балетската секција се изучуваат балетски движења и се создаваат кореографии од класичен и модерен балет. Часовите се одвиваат во три групи поделени според возраста на децата, каде што се изучуваат разни стилови — класичен балет, модерен и џез балет. Децата се подготвуваат за јавен час, како и учество на разни манифестации, фестивали и концерти.





Ликовното воспитание и образование ја култивира личноста на детето и ги развива неговите творечки способноти. Преку ликовното изразување се пренесуваат знаења и естетски вредности, се развиваат способности преку кои детето ја развива и ослободува својата личност. Часовите по цртање и сликање се наменети за деца и млади кои покажуваат талент за ликовното изразување.





- ✓ Музичка секција-класична гитара

Часовите по класична гитара се изведуваат индивидуално, во зависност од тоа колку детето - член има познавање од свирење на овој инструмент. Се воведуваат во светот на музиката преку различни техники, учење на солфеж и теорија, ритам, кратки мелодии (од детски песни, класични композиции и популарни песни) прилагодени според возраста. Почетниците се запознаваат со музичката теорија, солфеж и гитарата како инструмент, додека децата кои веќе имаат познавање од музичката теорија, изучуваат кратки дела од познати светски композитори. Членовите на оваа секција учествуваат на многу манифестации и концерти кои ги организира ДКЦ Карпош како и посетуваат и натпревари по гитара.





- ✓ Музичка секција- изучување тапан, гајда....

Програмската определеност зависи пред се од програмските афинитети на традиционалните мелодии и генерациска можност на членовите кои изучуваат традиционални инструменти (тапан, гајда, тамбура и кавал). Генерална програмска определеност е негување на изворните инструменти како и на народното оро и песна.



- ✓ Драмска секција

Драмското студио на Детскиот културен центар - „Карпош“ им обезбедува на децата простор за креативна игра во која им е дозволено да прават грешки и да експериментираат. Преку драмски претстави, сценско движење и импровизации, ја стимулираме имагинацијата, практикуваме критичко размислување и развиваме емпатија и толеранција.

Во драмското студио работиме на тоа децата да го задржат она што е најважно, а тоа е искреноста. Се работи на разбивање на стравот од јавен настап со помош на драмски игри и вежби во групи и индивидуално. Ги поставуваме темелите на актерскиот израз, сценскиот говор, сценското движење и заедно совладуваме разни театарски улоги. Зборуваме за емоциите и ги анализираме искуствата, креираме и промислуваме.

.





- ✓ Сценски движења

  На оваа секција учесниците работат на поврзување и емотивно активирање на сопственото тело и изведување движења за зголемување на опсегот на движење и флуидност. Преку бавни удобни чекори и свесно движење се одржува координација на телото. На оваа секција, која е тесно поврзана со драмската секција може да предложите сопствени начини на движење, отвореност, следење и слушање на сопственото тело.





- ✓ Мултимедијално творештво

  Основната идеја на секцијата за мултимедијално творештво е да им овозможи на децата таленти да учат за музиката, без оптоварување и правила. Нашиот концепт го дизајнираме според желбите и потребите на децата. Затоа сме тука да ги слушнеме, да создаваме, пееме, снимаме со нив и за нив. Пеењето и учењето различни мелодии на нашите часови се изведува со голема радост и ентузијазам.

  За нас е важно на секое дете да му посветиме целосно внимание, за да го развие својот целосен музички потенцијал. Преку различни техники и преку работилници го усовршуваме детскиот талент и компонираме песна. Најзабавниот дел од нашата програма е снимањето во студио и слушањето на сопствениот глас во радио реклама. Можеби ќе им ја отвориме вратата на децата за успешна музичка кариера или за радио водителство, а ќе имаат убаво сеќавање кое засекогаш ќе биде запаметено.





- ✓ Пинг-понг

Пинг- понгот е активност од областа на спортот и рекреацијата кој со своите содржини го организира слободното време на децата. Пинг - понгарската секцијае погодна да ги ангажира децата во слободна игра без ограничувања и пропозиции. Се организираат пинг-понгарски натпревари кои ги опфаќа учениците од повеќе основни и средни училишта.





- ✓ Шах

Шаховската секција е активност од областа на спортот и рекреацијата.Покрај редовните часови се организираи по разни поводи шаховска симултантка и натпревар во решавање на шаховски проблеми. Се организираат турнири, а на крајот од годината се организира и првенство во кое ќе бидат опфатени повеќе деца од основните училишта од Скопје.





- ✓ Хорско пеење

Програмските определби на детскиот хор зависат од програмските определби на раководителот на хорчето (диригентот) и програмскиот интерес на Детскиот културен центар — Карпош. Заради културно — афирмативната програма на ДКЦ, детскиот хор пред се ја негува детска песна од забавен карактер, со можност да врши обработки на песни и со народни мотиви. Програмските определби се менуват според гласовните можности на децата. Како хорче, настапува на сите манифестции кои ги организира Домот.





- ✓ Природни науки

Работилницата за природни науки ја поттикнува детската љубопитност за експериментирање. Несекојдневните демонстрации на хемиски реакции кои ги изведуваат заедно со едукаторот, а потоа и самите ќе експериментираат, ќе остават голем впечаток кај децата и младите кои навлегуваат во светот на експериментирањето.





## Работилници

✓ Етно креативно катче

.На овие работилници на децата најпрво преку презентација им се презентира материјалот за изработка и предмети изработени од истата техника со етно мотиви која бара многу трпени и љубов. Исто така ги запознаваме со дел од нашето културно наследство, традиција и култура.






✓ Детска филозофија

Интерактивна работилница, која низ модефицирани литературни дела има за задача да ги интригира младите да се сконцентрираат на „подтекстот“- симболика, поука, емпатија за протагонистот и антагонистот. Импровизирано алтернативно сценарио **„Што би направиле ние“**





# IV.КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ГРАД СКОПЈЕ

- ✓ Одржување на улични библиотеки

Со одржувањето на уличните библиотеки ја јакнеме свеста кај граѓаните дека истите имаат цел да служат секому и нивниот изглед е карактеристичен. Книгите кои се наоѓаат во истите се позајмуваат, се читаат и се враќаат и уличните библиотеки работат на принципот на доверба. Нашата грижа за уличните библиотеки е континуиран процес и истата ќе продолжи и во иднина.






- ✓ Реконструкција на потстаница за парно

Во периодот од 21.08 – 20.09.2023 година се изврши Реконструкција на потстаница за парно која се наоѓа во ЈУ. Детски културен центар – Карпош, а во соработка и надзор на ЕСМ – снабдување со топлина, Скопје. Имено постаницата предизвика штета на институцијата во 2021 и 2022 година и беше повеќе од потребна реконструкција на истата. По спроведена јавна набавка и прибирање на сите потребни дозволи за реконструкција на потстаницата за парно, се пристапи кон отпочнување и целосно завршување на реконструкцијата на потстаницата за парно.



- ✓ Набавка на техничка опрема

Поради дотрајаност на техничката опрема во институцијата се пристапи кон набавка на нова техничка опрема.

Сите ставки од предметниот договор дополнети со потребна опрема беа испорачани во Установата.



# V.СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА УЧЕСНИЦИ

СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМА ПОДДРЖАНА ОД ГРАД СКОПЈЕ

ЗА 2023 ГОДИНА




ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ



**СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД И СПОРЕДБА ПО ГОДИНИ НА ВНАТРЕШНИ АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД ДКЦ – КАРПОШ**

ИГРАМ И ПЕАМ ЗА МОЈАТА МАЈКА 2023

Учество на 20 градинки, 50 девојчиња, 50 машки - Вкупно 100 деца




УЧЕНИЧКА КВИЗОТЕКА 2023

Учество на 50 основни училишта по 3 учесници: Вкупно 150 учесници- 105 девојчиња, 45 машки




КРОС ТРКА 2023

90 девојчиња, 90 машки - Вкупно 180 деца




ЦРТАЊЕ НА АСФАЛТ 2023

Учество на 18 градинки , 100 девојчиња, 80 машки- Вкупно 180 деца




ДВИЖИ СЕ ЗА ЗДРАВЈЕ 2023

Учество на 20 градинки , 120 девојчиња, 120 машки- Вкупно 240 деца




ГО ГРАДАМ МОЈОТ ГРАД 2023

Учество на 19 градинки, 60 девојчиња, 35 машки- Вкупно 95 деца




БАЛЕТСКА СЕКЦИЈА 2023

Во три групи ; мала група 24 деца, средна група 20 деца, голема група 16 девојчиња -Вкупно 60 деца




ИГРАОРНА СЕКЦИЈА 2023

44 девојчиња, 1 машко - Вкупно 45 деца



ХОР-СЕКЦИЈА 2023

20 девојчиња, 1 машко - Вкупно 21 деца




ЛИКОВНА СЕКЦИЈА 2023

40 девојчиња, 5 машки –Вкупно 45 деца




Едукативна работилница за културно наследство-

35 девојчиња, 25 машки - Вкупно 60 деца



Етно креативна работилница
20 девојчиња,10 машки- Вкупно 30 деца




Настап на хорот „Гласот на децата на Скопје" во Тетово
10 девојчиња, публика 100




Работилници по детска филозофија
70 девојчиња, 50 машки- Вкупно 120 деца



Завршен Јавен час на членовите на музичката секција - отсек класична гитара
5 девојчиња, 10 машки-  Вкупно 15 - Публика 30




СЦЕНСКИ ДВИЖЕЊА 2023
10 девојчиња- Вкупно 10 деца




ШАХ 2023
10 машки -  Вкупно 10 деца




ПИНГ-ПОНГ 2023

5 машки, 3 девојчиња - Вкупно 8 деца




ДРАМСКА СЕКЦИЈА 2023
3 девојчиња - Вкупно 3 деца




МУЛТИМЕДИЈАЛНО ТВОРЕШТВО 2023
6 машки, 9 девојчиња- Вкупно 15 деца



НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ 2023

2 девојчиња - Вкупно 2 деца




КВИЗ БАМБИНИ 2023

96 девојчиња, 92 машки - Вкупно 192 деца






БЕЛА НОЌ 2023
Публика 30




СВЕТСКИ ДЕН НА СРЦЕТО 2023
20 машки, 14 девојчиња - Вкупно 34 деца




ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ И ДКЦ КАРПОШ, ДЕН НА УЧИТЕЛОТ-
Мултикултурни работилници 2023
70 машки , 80 девојчиња - Вкупно 150 деца



ПРЕДНОВОГОДИШЕН ЈАВЕН ЧАС 2023
15 машки, 155 девојчиња- Вкупно- 170деца, публика 270




ЈУБИЛЕЈ ДКЦ КАРПОШ 75 ГОДИНИ 2023
50 машки, 200 девојчиња, публика 270- Вкупно 250 деца



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА

# ЈУ. ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – КАРПОШ

# ЗА 2023 ГОДИНА

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## за периодот 01.01 - 31.12.2023
## за буџетска сметка 785010962860318
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје по сите основи

741111- Трансфери од други нивоа на власт ................. 5.972.022

Образложение на ставка:
(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за тројца вработени, средства за реализација на одобрена програма за 2023 година, наменски надоместок за членови на Управен и Надзорен одбор за 2023 година, набавка на техничка опрема и реконструција на потстаница за парно греење).

Вкупно расходи:

По групи:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 1.594.458

402 - Придонеси за социјално осигурување................. 617.545

404 – Надоместоци ..........................................................30.000
425 – Договорни услуги ............................................ 426.696
(наменски надометок за членовите од Управен и Надзорен одбор за 2023 година).

464 – Други оперативни расходи ............................ 1.999.802
(реализација на одобрена програма за 2023 година)

464 – други оперативни расходи .....................................800.000
(плаќање на оштета по судски спор)

480 – Купување на опрема и машини ........................... 299.998
(набавка на техничка опрема)

481 – Реконструкција на деловни објекти.................. 203.523
(Реконструкција на потстаница за парно греење)

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## за периодот 01.01 - 31.12.2023
## за буџетска сметка 7850109628-787-15
## при ЈУ Детски културен центар Карпош

Вкупно остварени приходи по групи:

723- Такси и надоместоци .................................. 1.233.043

(Ова ставка подразбира приходи кои се остварени по пат на уплата на членарина по секции во институцијата од областата на културата)

725 – Останати неданочни приходи .......................... 203.332
(Оваа ставка подразбира приход од исплата на штета од осигурување)

741 – Пренесено салдо од 2022 година ......................68.430

Вкупно трошоци по конта:

420 - Патни и дневни расходи............................. 34.079

(Оваа ставка подразбира патни трошоци за присутво на обуки)

421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт ... 151.800

(Комунални услуги за потребите на установата)

423 – Материјали и ситен инвентар .............................. 95.363

(Оваа ставка подрзабира канцелариски материјали за потребите на институцијата, прехрамбени продукти и средства за хигиена спроведени по пат на јавна набавка и материјали за разни поправки: рачки, сијалици, силикон, мрсна боја, штрафови, типли, шајки,закачалки....)

424 – Поправки и тековно одржување ............................ 64.356

( Оваа ставка подразбира редовна дезинсекција, дезинфекција и дератизација на објектот, месечно одржување на платформата за лица со посебни потреби и редовно одржување на противпожарен систем, одржување на ПП апарати)

425 – Договорни услуги ............................................. 406.194

(Оваа ставка подразбира осигурување на недвижности, осигурување на целокупниот објект, осигурување на службено возило и осигурување на вработените, правни услуги и хонорари за ангажирани лица за одржување на секции)

426 – Други тековни расходи )........................................ 160.505

(Оваа ставка подразбира објавување на огласи за јавни набавки, семинари, камати за плата, уплата за завршна сметка)

464 – Разни трансфери............................................... 464.944

(Оваа ставка подразбира уплата за ЦИП бројчиња од Универзитетска библиотека за книги, каталози во издание на ДКЦ Карпош и авторски хонорари за ангажирани лица за потребите на центарот)

ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
КАРПОШ

ЈУ ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР
КАРПОШ

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

за периодот 01.01 - 31.12.2023
за буџетска сметка 785010962890310
при ЈУ Детски културен центар Карпош

Остварени приходи од Град Скопје

741111- Трансфери од други нивоа на власт .................... 7.550.762

Образложение на ставка:
(Оваа ставка подразбира средства кои се добиени наменски од Град Скопје за плати и надоместоци за десет вработени и одобрена блок дотација за 2023 година)

Вкупно расходи:

По конта:

401- Нето плати и надоместоци .............................. 4.784.300

402 - Придонеси за социјално осигурување ...............1.857.462

404 – Надоместоци ........................................................ 100.000

421 – Комунални услуги, греење и друго.........................809.000

Директор
д-р Билјана Лалчевска Серафимовска

Бул. Илинден бр.53, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 389 (02) 3228 -111, ( 02) 3216-788
e-mail: direktordkckarpos@yahoo.com, dkckarposfinansii@gmail.com ,dkckarpos1@gmail.com,
web site: www.dkckarpos.org.mk